Бр./Nr 12 - 993/2
17-06-2024 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 6-та седница одржана на 10.06.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата со број 12-993/1 од 05.03.2024 година, против актуелен градоначалник на Општина, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Предметот со број 12-993/1 од 05.03.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 15.03.2024 година, доставена е пријава против актуелен градоначалник на една општина, по која е оформен предмет со број 12-993/1 од 05.03.2024 година. Во доставената пријава се укажува за можна злоупотреба на службената положба и овластувања од страна на градоначалникот на Општина ----------- во спроведувањето на постапки за вработување и пополнување на работни места во општинската администрација. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во пријавата, нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност, а ДКСК нема можност да обезбеди дополнителни информации за наводите во анонимната пријава.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Имајќи го предвид наведеното, ДКСК оцени дека нема елементи за нејзино надлежно постапување по предметот и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изготвил:П.Б., советник
Контролирал:Ј.Ц.,раководител
Одобрил: С.Д., член на ДКСК